РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ЗАКОНОДАВСТВО
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
SEKRETARIATI I LEGJISLACIONIT
Бр./Nr. 04-1501/20
31.05.2023 20 год./viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 45 став (1) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), секретарот на Секретаријат за законодавство на Владата на Република Северна Македонија, донесе

**ОДЛУКА**
**за избор на кандидат за вработување на административен државен службеник по Јавен оглас бр. 114/2023**

1. За извршител на работите на работно место Помлад соработник за здравствена дејност, со шифра УПР0101В04000, со звање помлад соработник, во Одделението за здравствена дејност, во Секторот за дејности од јавен интерес и одржлив развој на Секретаријатот за законодавство на Владата на Република Северна Македонија се избира кандидатот **Евгенија Сиљаноска**.
2. Именуваниот ќе биде вработен на работното место од точка 1 од оваа одлука, по конечноста на оваа одлука, за што ќе се донесе посебно решение за вработување.
3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

На ден 29.04.2023 година беше објавен Јавен оглас бр. 114/2023 во дневните весници „Нова Македонија", „Слободен печат" и „Коха" и на интернет страницата на Агенцијата за администрација. Директорот на Агенцијата за администрација со Решение бр. 10-919/3 од 04.05.2023 година формира Комисијата за селекција за вработување по Јавен оглас бр. 114/2023. Комисијата, по извршената административна селекција за административен службеник и спроведениот испит за административен службеник, на ден 29.05.2023 година спроведе проверка на веродостојноста на доказите и интервју за наведеното работно место.

По спроведената проверка на веродостојноста на доказите, интервјуто и извршеното бодирање, Комисијата изготви Конечна ранг-листа на кандидати од сите фази на селекција и Предлог за вработување на кандидати со бр. 10-919/7 од 29.05.2023 година.

Врз основа на предложената Конечна ранг-листа и Предлогот за вработување на кандидати, секретарот на Секретаријатот за законодавство на Владата на Република Северна Македонија, за работното место под реден бр. 2 во Јавниот оглас бр. 114/2023, изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:** Против оваа одлука може да се изјави жалба до Агенцијата за администрација, во рок од осум дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страницата и огласната табла на Агенцијата за администрација.

СЕКРЕТАР НА СЕКРЕТАРИЈАТОТ
ЗА ЗАКОНОДАВСТВО
д-р Оливера Нечовска

ДОСТАВЕНО ДО:
- Именуваниот
- Одделение за управување со човечки ресурси
- Агенција за администрација
- Архива

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ЗАКОНОДАВСТВО
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
SEKRETARIATI I LEGJISLACIONIT
Бр./Nr. 09-1501/21
31.05.2023 20 год./viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 45 став (1) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), секретарот на Секретаријат за законодавство на Владата на Република Северна Македонија, донесе

**ОДЛУКА**
**за невршење на избор на кандидат за вработување на административен државен службеник**
**по Јавен оглас бр. 114/2023**

1. За работно место објавено под реден бр.1 во Јавниот оглас бр. 114/2023 - Соработник за управување со бази на податоци и информатичка инфраструктура, со шифра УПР0101В03000, во Одделението за информатичко-комуникациски технологии, во Секторот за општи работи и информатичко-комуникациски технологии во Секретаријатот за законодавство на Владата на Република Северна Македонија, не се врши избор.
2. Одлуката со која не се врши избор ќе се објави на интернет страната на Агенцијата за администрација.

**О б р а з л о ж е н и е**

На ден 29.04.2023 година беше објавен Јавен оглас бр. 114/2023 во дневните весници „Нова Македонија", „Слободен печат" и „Коха" и на интернет страницата на Агенцијата за администрација. Директорот на Агенцијата за администрација со Решение бр. 10-919/3 од 04.05.2023 година формира Комисијата за селекција за вработување по Јавен оглас бр. 114/2023. По извршената административна селекција за административен службеник за работното место под реден бр. 1 на ден 15.05.2023 година и Записник од истата со бр. 10-919/4 и спроведениот испит за административен службеник на ден 25.05.2023 година и Записник од истото бр.10-919/5, Комисијата за работно место објавено под реден бр.1 во Јавниот оглас бр. 114/2023 - Соработник за управување со бази на податоци и информатичка инфраструктура, со шифра УПР0101В03000, во Одделението за информатичко-комуникациски технологии, во Секторот за општи работи и информатичко-комуникациски технологии, донесе само Листа на кандидати кои не продолжуваат во третата фаза на селекција бр. 10-919/5 од 25.05.2023 година, со оглед дека ниту еден од пријавените кандидати не ја поминал втората фаза – полагање на испит за административен службеник. Поради тоа, постапката на селекција за кандидати за горенаведеното работно место завршила.

Врз основа на горенаведеното, секретарот на Секретаријатот за законодавство на Владата на Република Северна Македонија, за работното место под реден бр. 1 во Јавниот оглас бр. 114/2023, донесе одлука како во диспозитивот.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:** Против оваа одлука може да се изјави жалба до Агенцијата за администрација, во рок од осум дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страницата и огласната табла на Агенцијата за администрација.

СЕКРЕТАР НА СЕКРЕТАРИЈАТОТ
ЗА ЗАКОНОДАВСТВО
**д-р Оливера Нечовска**

ДОСТАВЕНО ДО:
- Одделение за управување со човечки ресурси
- Агенција за администрација
- Архива